**Здружение на финансиски работници**
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

Број: 0302- 327
03.11.2021 година
Велес

До
Оддел за внатрешна ревизија,
сметководство и финансии

**Предмет**: Покана за работилница

Почитувани,

Со оглед на ситуацијата со корона вирусот Covid 19, се поголемото значење на планирањето на ревизијата врз основа на проценка на ризикот, како и неопходноста да се одговори на барањата од меѓународниот стандард за внатрешна ревизија број 2010, Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија – Велес, организира Online работилница на тема:

***„ЗОШТО ОЦЕНКА НА РИЗИК ПРИ ПЛАНИРАЊЕ НА РЕВИЗИЈАТА"***

### ►►► Кога и каде ќе се одржи работилницата?

Работилницата ќе се одржи на ден **10.11.2021 година**, на платформата **ZOOM**, со почеток **во 9.00 часот.** Пожелно е учесниците да бидат регистрирани на платформата **ZOOM** истиот ден до 8.45 часот, за што непосредно пред почетокот на работилницата ќе им бидат доставени корисничко име (user name) и лозинка (password). Работилницата ќе заврши во 13.00 часот.

### ►►► За кого е наменета работилницата?

Работилницата е наменета за вработените во одделите за внатрешна ревизија, сметководство, финансии, како и раководните лица во институциите од јавниот сектор.

### ►►► Зошто да учествувате на работилницата?

Работилницата претставува исклучителна можност да ги зголемите своите знаења, а воедно и да размените искуства и добри практики за темите наведени во Агендата.
Според меѓународниот стандард за внатрешна ревизија број 2010 „Раководителот на единицата за внатрешна ревизија мора да изготви планови врз основа на проценка на ризик за да ги определи приоритетите на активноста на внатрешната ревизија согласно целите на организацијата", при што Планот за работа на внатрешната ревизија мора да се базира на документирана проценка на ризикот која се прави најмалку еднаш годишно.

Во последните две години, организациите се прилагодуваат на справувањето со влијанието на корона вирусот Covid 19, при што функциите на внатрешната ревизија имаат важна улога при проценување на ризиците предизвикани од новонастанатата ситуација. Со своите знаења за организацијата, тие можат да и помогнат да се прилагоди на овој период на промени и да се прилагоди на „новото нормално". Притоа и ревизорите треба да се прилагодат на новонастанатата состојба, односно сите во организацијата се ставени во ситуација да се заштитат, а во исто време да продолжат одговорно да ги извршуваат своите работни задачи. Употребата на нови ревизорски техники и прилагодувањето кон алтернативни техники за ревизија, е голем предизвик за ревизорите. Работа од дома, скенирани документи, веб состаноци се досегашните нови искуства за работа на ревизорите. Се чини дека дигитализација дојде побргу од очекуваното.

Тел. ++389 43 230 623; ++389 43 230 625; e-mail zfrlsjpv@t.mk веб страна https://zfr.org.mk/
Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје; Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје Даночен број МК 4004997107233

## ►►► Теми и области на работилницата

Во Агендата за работилницата се опфатени: внатрешната ревизија и законските барања и стандарди во контекст на корона вирусот Covid 19; основните елементи на ревизорскиот план; целите на годишното планирање на ревизијата и оценката на ризикот; користи и цели (придобивки) од планирање базирано на проценка на ризици; неопходноста и значајноста на познавањето на “COSO” стандардите за интерни контроли за планирањето на внатрешната ревизија; ревизорските техники кои треба да се користат при планирањето; како и презентирање на методологијата за стратешко и годишно планирање на внатрешната ревизија во јавниот сектор, со цел навремено поднесување на квалитетни планови до 15.12.2021 година.

## ►►► Предавач

Предавач ангажиран за одржување на работилницата е м-р Наташа Мисовска, овластен државен ревизор, овластен сметководител, советник на Главниот ревизор за ИПА за методологија и развој на ревизијата во Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош на ЕУ во РМ, со 32 години работно искуство од кои 21 година во државната ревизија и ревизија на ИПА. Исто така, м-р Мисовска е предавач на Проектот за стекнување на меѓународен сертификат на внатрешните ревизори од јавниот сектор од CIPFA.

## ►►► Надомест за учество на работилницата

Почитувани, искористете ја можноста за само **2.500 денари +18% ДДВ** по учесник да учествувате на работилницата, да ги добиете работните материјали и сертификат за учество. Котизацијата за учество на работилницата можете да ја уплатите на:
**Здружение на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија,**
**сметка 300 270 000 017 628, Комерцијална Банка АД Скопје или на**
**сметка 200 000 026 137 030, АД Стопанска Банка – Велес**
**даночен број MK4004997107233**

## ►►► Пријавување за работилницата

Ве молиме да го пријавите Вашето присуство во Здружението со доставување на пополнети пријави за учество на обуката на e-mail zfrlsjpv@t.mk или kontakt_zfr@yahoo.com Формуларот за учество на обуката и агендата се поставени на нашата веб страна: https://zfr.org.mk/. За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението, на тел. 043/230-623, моб. 070/265-401, 071/335-930, 076/265-136 или преку наведетените e-mail адреси.

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од обуката.

Со почит,

Извршен директор,
м-р Зоран Јанкуловски